РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 15. 10. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3482/1 | | |

0705
7093010
15.10.10

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 31 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ” бр. 103/08, 33/10 и 116/10 ), министерот за образование и наука ја утврди наставна програма по предметот *пеење* за тригодишното основно музичко образование.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

# ПЕЕЊЕ

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ТРИГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2010

## 1. ВОВЕД

Во деветгодишното основно музичко училиште, на инструментот пеење можат да се запишат ученици кои наполниле 12-13 години.

Целта на наставата по пеење е на учениците да им се развие љубовта кон пеењето и музиката, да се оспособат за изразно солистичко, камерно и хорско музицирање, естетско и емоционално вреднување на музичките дела поткрепени со музички знаења по однос на нивната содржина и форма. Учениците се обучуваат и стекнуваат знаења, навики и вештини за изведување на музичките дела и се оспособуваат за самостојна работа. Наставната програма за пеење треба да го оспособи ученикот технички да го совлада пеењето-гласот за понатамошно школување во средните и високите музички школи и да се изгради во добар естраден уметник.

- Број на неделен фонд: 2 час по 45 минути, односно годишен фонд од 72 часа.

- Статус на предметот: задолжителен.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да се запознае со изразните можности на позицијата и вокалите потпрени со дишење – дијафрагма;
- да знае што е дијафрагма и каква е нејзината функција, особено од аспект на нејзиното значење при
- вдишување и издишување, а со тоа и нејзината улога во формирањето на вокалите;
- да усвои потребни знаења за мелодиско и ритмичко читање и пеење на нотен текст (усвојување на
- читањето на нотен текст со различна метро-ритмичка структура);
- да стекне потребни знаења за правилна стилска интерпретација на музиката (преку слушање на музички дела од различни временски епохи да знае да го интрпретира делото во соодветен стил);
- да се оспособува за соло и камерно музицирање (да научи да го слуша сопствениот глас и гласот на другиот при камерна изведба);
- да придонесува за развивање на музичката меморија (брзо паметење на веќе слушната мелодија и способност истата да се интерпретира);
- да се поттикнува за работа во дует и поголеми состави за заедничко хорско музицирање (да
- учествува во хорски состави за да се запознае со хорската музика);
- да се приспособува за правилно држење на телото при пеењето (со помош на следење на различни оперски претстави да ја забележува положбата на телотот на уметниците и нивната стилска изведба);
- да развива способност за прецизно интонирање на тонската висина;
- да е способен да ја задржи чиста интонација при вокалното интерпретирање;
- да го развива музичкиот вкус и критичкото мислење;
- да ја развива креативноста преку свое лично емоционално доживување.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА I: ИНСТРУМЕНТ- ПЕЕЊЕ, НЕГОВИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ТЕХНИКИ | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ги прошири знаењата за начинот при вокална интерпретација (правилно отворање, обликување на устата);<br>-да завземе правилен пеачки став при пеењето;<br>-да развива способност за прецизно интонирање на тонската висина на тонот;<br>-да развива прецизна слика за себе следејќи ја бојата на гласот;<br>-да развива креативност при тоа задржувајќи го детскиот глас;<br>-да препознава други гласови;<br>-да е споаобен да го развива опсекот-распонот на својот; | Запознавање со инструментот-глас | Инпостација;<br>Вокали;<br>Артикулација;<br>Дикција; | Разговор за поврзаноста помеѓу говорот, поезијата и музиката;<br>Демонстрирација на правилно отворање на устата;<br>Демонстритање како се формираат вокали и правилен изговор притоа користејќи огледало за да се добие правилна и појасна слика за поставување на телото, мимиката на лицето и воочување на грешките.<br>Демонстрација од страна на наставник на музичко дело на странски јазик и повторување на ученикот со правилно изговарање на консонантите. |
| -да се оспособи музичкиот текст да го интерпретира со воочување на елементите од музичата | Тонот и негови карактеристики | Интонација<br>Тон (јачина, траење, висина и боја)<br>Боја (темна, светла, | Пеење на различни тонови преку демонстрирање на разни висини и нивно повторување. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| писменост.<br>-да развива внатрешен слух;<br>-да ја развива музичката меморија;<br>-да ги разликува динамичките нијансирања при пеењето;<br>-да научи да изведува атака;<br>-да ги научи различните техники на артикулација на тонот;<br>-да развива способност за меморирање на мелодијата со зададен нотен и текст во оригинален јазик;<br>-да ги користи правилно сите елементи од вокалната техника за правилна интерпретација при пеењето;<br>-да интерпретира зададени мелодии со одредена стилска мотивација;<br>-да е способен да ги користи нотните вредности и паузи. | Звучен приемник-уво | метал)<br>Видови гласови (машки, женски, детски)<br>Опсек-распон<br><br>Увото како звучен приемник<br>Воздухот како звучен пренесувач<br><br>Артикулација<br>Легато<br>Стакато<br>Глисандо и друго<br>Текст<br>Вокализи со солмизација<br>Вокализи со текст | Слушање на својот глас следејќи ја својата боја на гласот.<br>Споредување на својата боја на гласот со други гласови преку посета на концерти, оперски претстави и дискусија за различноста помеѓу нив.<br>Слушање на сопствениот детскиот глас со другите гласови за да се створи љубов и истрајност во работата и да се развие желбата за креативност и проширување на распонот на гласот.<br><br>Слушање преку звучниот приемник-уво.<br><br>Слушање и пеење на својот глас пренесен од устата во увото преку најчест звучен пренесувач воздухот;<br>Демонстрирање на песни од страна на наставникот со примена на правилна |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | вокална интерпретација;<br><br>Демонстрација на песни од страна на ученикот (да се запаметат одредени лесни мелодиски мотиви со цел истите да се повторат автентично).<br><br>Демонстрација на кратки технички вжби со примена на динамичките нијансирања и согледување на нивната разлика.<br>Демонстраторски метод за почеток на тонот каков треба да биде -атака, посочување дека меката атака е најубава и најкористена во пеењето;<br>Слушање, и демонстрирање и разговор за видовите на артикулација.<br>Пеење на легатото кој е најчест, најубав облик на тонската артикулација.<br>Запознавање и читање на текст на зададена композиција. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | (Доколку е на друг јазик следи превод за да биде) реална слика на самата содржина на текстот).<br><br>Парлато расчитување на композициите.<br><br>Воочување на темпото во музиката преку следење на текстот и карактерот на самата мелодија.<br>Посетување на концерти или јавни часови каде постои пијано придружба и соочување со тоа колку е потребна за изведба со пеење.<br>Посета на хорови или камерни состави, дискусија околу тоа колку ваквото музицирање е составен дел на пеењето. |

| ТЕМА II: ДИШЕЊЕ И НЕГОВАТА ПРИМЕНА ВО ПЕЕЊЕТО | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да се запознае со органите за дишење;<br>-да дискутира како тие функционираат;<br>-да објаснува како да ги применува;<br>-да научи да воспостави координирана работа преку органите за дишење, со органите за обликување и формирање на тонот;<br>-да ја усовршува контролата на дишењето;<br>-да научи правилно да го користи дишењето при изведување на композиции во различно темпо. | Дишење<br><br>Органи за дишење<br><br>Органи за формирање на тонот<br><br>Органи за обликување на тонот | Дијафрагма<br>Бели дробови<br>Душник,<br>Мускули: градни, абдоменални, меѓуребрени.<br><br>Гласни жици<br>Грклан (прстенеста, епиглотна<br>и штитна рскавица),<br>душник<br><br>Усна празнина<br>Усни<br>Заби<br>Тврдо, меко непце<br>Јазик<br>Ресичка<br>Крајници<br>Ждрело. | Наставникот објаснува за начинот на пеење дека е потпрен на мускулот дијафрагма.<br><br>Примена на дијафагмата во убавото пеење-бел канто.<br>Демонстрација на вежби за да се запознае дијафрагмата и нејзина примена<br><br>Објаснување дека покрај дијафрагмата за убавото пеење се важни органите за формирање и обликување на тонот, сите заедно координирано прават еден систем на работа наречен бел канто.<br><br>Пеење на песни во различно темпо преку |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | контрола на дишењето и земање на воздух;<br>(при брзи темпа - краток дах, при бавни - широк дах, но начинот е ист, земање низ нос, а испуштање низ уста). |

**ЛИТЕРАТУРА ЗА РАБОТА - III одделение**

- Ј.Конконе вежби бр. 10,11,12 и други.
- Н.Вакаи -вокализи бр. 11,12,13,14 и други.
- Вокализи Ф.Абт,Лутген, Зиелбер и други.
- Стара класика Качини, Скарлати, Перголези и други.
- Слободен избор (полесни работи) Менделсон, Моцарт, Шуберт, Шуман (мали барокни песни) Бах, Хендел (полесна арија) Моцарт.

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Препораки за користење на годишниот фонд на часови (ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини)

- Тема I - запознавање со инструментот – глас - 2 часа
- Тема II – вокализи со солмизација - 15 часа
- Тема III – вокализи со текст 15 часа
- Тема IV – стари мајстори - 15 часа
- Тема V – слободен избор - 10 часа
- Тема VI – композиции со клавирска придружба - 15 часа.

Наставни средства:

- пијано,
- учебници по избор на наставникот;
- посета на концерти и други музички манифестации;
- Интернет – образовни софтвери;
- списанија;
- аудио-визуелни средства.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Постигањата на учениците се оценуваат континуирано во текот на целата година. Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и слично.

Наствникот ја оценува способноста на ученикот со аналитички приод во извучувањето на дадените музички дела; техника на извадба на дадените музички дела и нивната уметничка интерпретација. За секое тромесечие се добива оценка за поминатиот материјал, според критериумите за оценување на учениците по овој предмет.

Оценувањето се врши со помош на континуирано следење на напредувањето на ученикот на редовните часови, јавни часови на настапи, концерти, натпревари и годишни испити по пеење.

Ученикот кој ќе покаже незадоволителни резултати во поглед на техничко-уметничката интрерпретација на музичките дела и нема да го реализира предвидениот задолжителен материјал по предметот се упатува на поправен испит.

**Годишен испит во месец јуни:**

една вокализа со солнизација;
една вокализа со текст;
еден стар мајстор;
една композиција по солободен избор (може и полесна арија).

Професорот има право да ја креира и прилагоди наставата по пеење според можностите и спецификите на гласот на ученикот.

Задолжителна пијано придружба.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Целите и задачите на наставниот предмет пеење ќе се реализираат во кабинет за индивидуална настава опремен со потребните наставни и нагледни средства според нормативот за музичко училиште.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Завршен VII/1 степен – факултет за музичка уметност, вокално-инструментален оддел, инструмент соло пеење. Наставникот треба да има стекнато педагошко-психолошка и методка подготовка и положен стручен испит.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот треба правилно да е поставен (држење на телото), правилно да дише, правилно да го импостира гласот и да ја изведува програмата напамет со придружба на корепетитор.

**Изготвил:** работна група формирана со решение бр. 02-1120/1 од 01.04.2010 година,

координатор Анкица Витанова, советник во Бирото за развој на образованието

**Контролирал:** д-р Насе Кондовски, раководител на одделение во Бирото

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-647/23
18. 10. 2010 год.
СКОПЈЕ

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот **пеење** за III одделение на тригодишното основното музичко образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди:

На ден 15. 10. 2010 година
Скопје

**Министер**

**Никола Тодоров**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 15. 10. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3485/1 | | |

0705
ТРАЈНО
15.10. 2010 год.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 31 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10 и 116/10 ), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по предметот ***народни инструменти*** за деветгодишното основно музичко образование.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ

## (ТАМБУРА)

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2010

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. ВОВЕД

Во деветгодишното основно музичко училиште на инструментот народни инструменти можат да се запишат ученици кои наполниле 7 години.

Целта на наставата по народни инструменти е на учениците да им се развие љубов кон инструментот и музиката, да се оспособат за изразно солистичко, оркестарско музицирање, естетско и емоционално вреднување на музичките дела поткрепени со музички знаења по однос на нивната содржина и форма. Наставната програма за народни инструменти е да се оспособи ученикот технички да го совлада инструментот за понатамошно школување во средните и високите музички школи и да се изгради во добар сестран уметник.

- Фонд на часови: 2 часа неделно, 72 часа годишно.
- **Статус на предметот: изборен.**

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ИИИ, ИВ и В одделение

Ученикот/ученичката:

- да се запознае со инструментот и неговите карактеристики и изразни можности;
- да усвои потребни знаења за мелодиско и ритмичко читање и свирење на нотен текст;
- да научи правилно да свири скали;
- да ги запознае и проширува знаењата за изразните можности на инструментот;
- да се здобие со искуство за свирење на нотен текст со посложена ритмичко-мелодиска и хармонска структура;
- да стекнува потребни знаења за правилна стилска интерпретација на музиката;
- правилно да се оспособува за соло, камерно и оркестарско музицирање;
- да развива способности за доживување и изразување на музиката;
- да развива интерес кон инструментот и музиката;
- да стекнува и развива љубов кон традиционалната музика;
- да развива љубов и интерес за изразување и доживување на музичкиот фоклор;
- да го развива музичкиот вкус и критичкото мислење;

- да биде информиран за истакнати музички уметници и творци во земјата и странство;
- да придонесува за збогатување на личниот и општествениот емоционален живот;
- да се оспособува за негување на култивиран пријатен тон и чиста интонација;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да придонесува кон формирање на личност со позитивни лични одлики;
- да придонесува за развивање на музичката меморија;
- да придонесува за прифаќање и доживување на убавото во музиката;
- да ја доживее убавината на музиката;
- да формира навика и потреба за посета на концерти;
- да стекнува работна култура и навика;
- да стекнува сознанија за музичката култура на своето опкружување;
- да ја развива креативноста;
- да го развива внатрешниот слух;
- да ја развие музичката меморија и вниманието;
- да го открива и почитува сопственото музичко изразување и да го почитува музичкото изразување на другите;
- да се поттикнува за работа во дует и во поголем состав за заедничко музицирање;
- да ги разбира и прифаќа правилата на однесувањето во индивидуалните и во колективните музички активности.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО ИИИ ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:
- да се запознае со инструментот и неговите карактеристики и изразни можности;
- да усвои потребни знаења за мелодиско и ритмичко читање и свирење на нотен текст;
- да научи правилно да свири скали;
- да ги запознае и проширува знаењата за изразните можности на инструментот;
- да се здобие со искуство за свирење на нотен текст со посложена ритмичко-мелодиска и хармонска структура;
- да стекнува потребни знаења за правилна стилска интерпретација на музиката;
- правилно да се оспособува за соло, камерно и оркестарско музицирање;
- да развива способности за доживување и изразување на музиката;
- да развива интерес кон инструментот и музиката;
- да стекнува и развива љубов кон традиционалната музика;
- да развива љубов и интерес за изразување и доживување на музичкиот фоклор;

- да го развива музичкиот вкус и критичкото мислење;
- да биде информиран за истакнати музички уметници и творци во земјата и странство;
- да придонесува за збогатување на личниот и општествениот емоционален живот;
- да се оспособува за негување на култивиран пријатен тон и чиста интонација;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да придонесува кон формирање на личност со позитивни лични одлики;
- да придонесува за развивање на музичката меморија;
- да придонесува за прифаќање и доживување на убавото во музиката;
- да ја доживее убавината на музиката;
- да формира навика и потреба за посета на концерти;
- да стекнува работна култура и навика;
- да стекнува сознанија за музичката култура на своето опкружување;
- да ја развива креативноста;
  - да препознава нотен текст, музички термини и ознаки;
  - да го развива внатрешниот слух;
- да ја развие музичката меморија и вниманието;
- да стекне самодоверба во изведувањето на музичкиот текст;
- да го открива и почитува сопственото музичко изразување и да го почитува музичкото изразување на другите;
- да се поттикнува за работа во дует и во поголем состав за заедничко музицирање;
- да ги разбира и прифаќа правилата на однесувањето во индивидуалните и во колективните музички активности;

**лева рака:** проширување на стекнатото знаење за прва позиција;

- да стекне познавање за полупозиција;
- да стекне познавање за широка позиција;
- да стекне навика за свирење во позиција;
- да применува правилно преминување од позиција во позиција;
- да стекне познавање на позиции на интервали;
- да применува правилно преминување од позиција во позицијана интервали;

**десна рака:**

- изучување на техниката на подготовка за премин од жица на жица
  - изучување на основните движења
- изучување на основните движења на рамноделни ритмови;
- изучување на разни видиви темпо.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: МЕЛОДИКА И ТЕХНИКА | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да демонстрира правилно седење и правилна поставеност на телото во однос на инструментот;<br>- да применува правилно држење на десната рака;<br>- да демонстрира ослободеност на палецот и правилно поставување на истиот;<br>- да применува подготовка за премини од жица на жица со десната рака. | Технички вежби за ослободување, правилно поставување и движење на десната и левата рака. | - Правилно седење<br>- Десна рака<br>- Палец и правилна поставеност на истиот<br>-жица, жици | - Да се внимава на правилното балансирање на телото (без напрегнување и навалување кон напред и без потпирање со рацете да може бавно да стане и седне на столчето), седење на предниот дел од столчето.<br>- Да му се објасни на ученикот дека правилната поставеност на телото и рацете во однос на инструментот е една од најбитните работи на кои што треба да внимава како на часот под супервизија на наставникот, така и во домашното вежбање.<br>- Му се објаснува на ученикот/ученичката дека правилната поставеност на дланките е како држење јаболко. |
| - да применува правилно поставена лева рака;<br>- да применува поставување на прстите на жиците при што нема да стиска со истите, особено со палецот;<br>- да применува лесно движење и артикулација на | | - Лева рака | - Да се објасни дека стискањето со прстите од левата рака врз полињата од вратот нема да допринесе за посилен звук туку до поголема укоченост на раката.<br>- Да се внимава на рамењата да не се подигнуваат бидејќи ќе допринесат до укоченост при |

| | | | |
|---|---|---|---|
| прстите од левата рака;<br>- да користи вежби за секој прст одделно; | | - Прсти<br>- Артикулација | свирењето.<br>- Да не ги прекршува и вкочанува палците на рацете.<br>- Наставникот секогаш методите да ги демонстрира практично и визуелно на инструментот како би можел ученикот да направи обсервација и споредба со тоа што тој го прави. |
| - да се изучи функционирањето на левата рака при преминот и во новата позиција; | | - Премин помеѓу позиции<br>- Агол на поставеност на рака и прсти | - Да се внимава на преминот од позиција во позиција. |
| -свирење скали во цели, половини и четвртини ноти; | | - Скали | |
| - да се воведува во музичката уметност;<br>- да развива музички слух;<br>- да применува елементи на правилна интерпретација (мелодиско-ритмичка) при свирење песнички и вежби;<br>- да развива способност за меморирање на мелодија, ритмика и нотен текст на зададена композиција; | | - Музика<br>- Слух, слушање<br><br>-Нотен текст, композиција | - Воочување на разликите меѓу звук и тон преку демонстрација на разновидни примери (звуците од природата и околината и музичките тонови – пеење, звучење на инструменти и музички фрагменти). |
| - да ги доживува и сфаќа содржината и карактерот на композицијата;<br>- да ја запознае и доживува динамиката и разликите во | | - Звук<br>- Тон<br>- Имињата на тоновите (до, ре, ми, фа, сол, ла, си, до)<br>- Гласно<br>- Тивко | - Доживување и воочување на јачината и брзината во музиката преку слушање музика, пеење и свирење. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| динамиката при слушањето и интерпретирањето на копозициите (тивко-гласно; форте-пијано); | | - Погласно<br>- Потивко<br>- Брзо<br>- Бавно<br>- Побрзо<br>- Побавно | - Доживување и воочување на видовите и нијансите на јачината и брзината преку слушање музика, пеење и свирење. |
| - да ја доживува и правилно разбира брзината и разликите во брзината на музичкото темпо при слушање и интерпретирање на музиката;<br>- да доживува и правилно разбира високи и ниски тонови и мелодиско движење нагоре - надолу;<br>- да развива способност за прецизно интонирање на тоновите од основната скала;<br>- да го разбере поимот скала;<br>- да се воведе во нотното писмо и свирење по ноти;<br>- да стекнува внатрешен музички слух;<br>- да развива чувство за заедничко свирење и свирење во групи. | - Звук и тон<br><br>- Јачина на тонот | - Петтолиние<br>- Виолински клуч<br>- Нота<br>- Помошна линија<br>- Скала<br>- Високи тонови<br>- Ниски тонови<br>- Нагоре<br>- Надолу | - Пеење на матертијалот со текст и со именување на тоновите.<br><br>- Пеење и свирење по слух на елементарни мелодиски модели - солфежирање на елементарни мелодиски модели во основната скала (појаснување на нотниот текст, читање парлато, солфежирање; да се внимава на тактирањето!). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Брзина<br><br>- Пеење на зададениот материјал по слух со имињата на тоновите<br><br>- Откривање на музичките симболи (петтолиние, виолински клуч, нота, пауза)<br><br>- Висина на тонот<br><br>- Пеење и свирење по слух елементарни мелодиски модели со именување на тоновите<br><br>- Знак за повторување (поим и визуелен симбол) | -Знак за повторување | - Совладување на знакот за повторување преку свирење на зададена композиција и именување на тоновите. |

Тема: РИТМИКА

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>- да развива чувство за ритам;<br>- да ја доживува и применува рамномерната пулсација (со плескање на раце, чекорење и др.);<br>- да го доживува и применува броењето и тактирањето;<br>- да доживува и воочува дводелен и троделен метар; | - Рамномерна пулсација<br>- Дводелност (броење еден-два) и триделност (броење еден-два-три) | - Ритам<br>- Ритмика, пулсација | - На различни начини (во сообразност со детето) да се најдат методи според кои ќе му се долови ритмиката во музиката. Споредба со музиката која на детето му е повеќе позната (македонски фолклор или поп музика), играње, плескање со раце, движења со телото |
| - да го доживува различното траење на тоновите во музиката;<br>- да ги препознава и применува нотните вредности и вредностите на паузите (цела, половина и четвртина) и четвртина;<br>- да го препознава тактот во нотниот текст; | | - Музички метар<br>- Дводелен, троделен такт<br><br>- Цела, половина, четврина, осмина нота | - Описно и споредбено да му се објасни разликата меѓу нотните вредности. Јаболко на половина, четвртина итн. |
| - да се воведува во ритмичко читање на нотниот текст; | - Траење на тоновите | | - Да се објасни поделбата на нотните вредности со горенаведениот пример и сличен пример. |
| - да развива способност за прецизно изведување на ритамот. | - Нотни вредности: цела нота, половина нота, четвртина нота, осмина нота | | - Преку раситнување на нотните вредности (со пеење на глас од страна на наставникот, а подоцна и ученикот).<br>- Совладување на нотните вредности и паузи преку слики и апликации. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Цела пауза, половина пауза, четвртина пауза, осмина пауза<br><br>- Такт (2/4 и 3/4 и 4/4 )<br><br>- Ритмичко читање на нотен текст (парлато) | | - Воочување на тактот врз основа на зададениот материјал за 2-делност и 3-делност.<br><br>- Читање на зададениот материјал со тактирање.<br><br>- Свирење на елементарни ритмички модели (запишани на една линија) на инструментот – ритмички. Пред да се отсвири, моделот може да се изговори парлато на неутрален слог ,,та” со тактирање. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Со оглед на возраста на учениците, часот по народни инструменти треба да вклучува различни видови на музички активности.

Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (примери од традиционалната музика, музика од други стилови и жанрови) и снимена, за воочување на нејзиниот карактер и изразните средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини (метроритамот, мелодиски модели).

- Особено се препорачуваат музичко-ритмичките движења за доживување на римичките карактеристики на музиката.
- Учениците треба да навикнуваат на свирење по ноти со почитување на сите ознаки (темпо, динамика), со израз и правилно фразирање, со тактирање при свирењето.
- Учениците од трето одделение треба да ги совладуваат ритмичките елементи преку игри.
- За посликовито претставување на висината на тоновите и нивното попрецизно интонирање да се применува фономимијата.
- Како и посетата на концертите, редовно низ целата учебна година треба да се одвива и слушањето на разновидна музика на часовите и да се потикнуваат учениците на активно слушање .

➢ **Наставни средства:**

- музички инструмент – народни инструменти (тамбура);
- книги (школи) по соодветен избор на наставникот (Боривое Џимревски, Александар Линин, Пеце Атанасовски, Андријана Гојковиќ);
- зборници со мали песнички (мелодии) по соодветен избор на наставникот;
- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
- дидактички средства и материјали;
- Интернет, образовни софтвери.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичкото изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување).

При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секое поединечно дете.

Во текот на наставата редовно се следи развојот на секој ученик. На крајот од годината се организира јавен час отворен за присуство на родителите, соучениците и други наставници пред кој учениците би имале можност да ги претстават своите постигања и активностите застапени во текот на учебната година.

- Оценувањето е описно со краток опис.

На крајот на учебната година ученикот полага испит со следната:

**ИСПИТНА ПРОГРАМА:**

- две истоимени дурски/молски скали и ритмички вежби во рамноделни ритмови;
- две кратки композиции со различен карактер;
- две кратки композиции по избор и соодветни за ученикот.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на нормативот донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во може да ја изведува лице кое завршило:

- високообразовна институција за музичка уметност - изведувач на народни инструменти и профили кои најмалку три години слушале предмет народни инструменти.

**Изготвил:** работна група формирана со решение бр. 02-1233/1 од 09.04.2010 година,

координатор Анкица Витанова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје

**Контролирал:** д-р Насе Кондовски, раководител на одделение во Бирото

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-6471/26
15.10. 20 10 год.
СКОПЈЕ

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***народни инструменти*** за деветгодишно основно музичко образование, на предлог на Бирото за развој образованието, ја утврди:

На ден 15. 10. 2010
Скопје

**Министар,**

Никола Тодоров